РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2235/3
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11. 2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2235/1 од 16.09.2025 година со наводи за сомневање на преземање на незаконски дејствија од страна на блиско лице на подносителот, вработено во Министерството за -----------, а во врска со оневозможување на друго службено лице вработено во општина -------- да спроведе постапка за издавање на валидни документи за сопственост на имот (куќа) на подносителот која се наоѓа на територијата на општина ----------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, од причина што за постапување по предметните наводи надлежна е друга институција.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Министерството за -------------------- ---------- на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2235/1 од 16.09.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 16.09.2025 година од познат подносител до ДКСК е поднесена пријава со наводи за сомневање на преземање на незаконски дејствија од страна на блиско лице на подносителот, вработено во Министерството за ------------ ----------, а во врска со оневозможување на друго службено лице во општина ------- да спроведе постапка за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

издавање на валидни документи за сопственост на имот (куќа) на подносителот која се наоѓа на територијата на општина --------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што за постапување по предметните наводи надлежна е друга институција, поради што пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Министерството за ---------------- ----------- на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: П.Б,советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител
Согласен: И.П., раководител на Сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК